**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ**

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1171/1
17.12.2021 год.

Врз основа на член 162, 173 и 174 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.82/2018 и 178/2021), член 4 и 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), и Рецензијата објавена во Билтен бр.1250 од 1 декември 2021 година, Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршки факултет-Скопје на 7-та седница, одржана на 17.12.2021 година ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за избор во соработничко звање – асистент**

1. **м-р Деспина Косталинова**, се избира во соработничко звање-**асистент** на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. м-р Деспина Косталинова, се избира во соработничко звање-асистент во наставно-научните области: технолошка микробиологија (22106), технологија на вриење (22101) и технологија на прехранбени производи-друго (22108).

3. Изборот во соработничко звање -асистент се смета од 17.12.2021 година, кога именуваната ги стекнува сите права и обврски и работни задачи на асистент на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

4. Изборот се врши за време од 3 години, со право на уште еден избор во истото звање, согласно одредбите од Законот за високото образование.

5. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Наставно-научниот совет постапувајќи согласно законските прописи, а врз основа на Рефератот од рецензентската комисија, објавен во Билтен бр.1250 од 1 декември 2021 година, на 7-та седница одржана на 17.12.2021 година, донесе Одлука како во диспозитивот.

**в.д. Декан**

**Проф.д-р Благој Ризов**

Изработил: м-р Марко Стефановски